Bosna i Hercegovina
Босна и Херцеговина
Regulatorna agencija za komunikacije
Регулаторна агенција за комуникације

# Програмите што содржат говор на омраза. Искуството и праксата на регулаторните власти: примерот на Босна и Херцеговина

Скопје, 21 октомври 2014.

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- **Преглед на состојбите во БиХ – од медиумски хаос до регулаторен режим**
- Медиумската сцена пред воспоставувањето на РАК
- **Поствоените програмски содржини исполнети со говор на омраза –јазик на нетрпеливост и навреди, отворено промовирање на омраза меѓу националностите.**
- Говорот на омраза- една од причините за воспоставувањето на регулативата за медиумите во БиХ – Независна комисија за медиуми (НКМ)

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- НКМ – Воспоставување на регулаторна рамка

- Регулаторната рамка во БиХ во врска со «говорот на омраза» во електронските  медиуми се заснова на меѓународните правни инструменти кои го регулираат прашањето на говорот на омраза, Европската конвенција за човекови права како и Препораката на Советот на Европа во врска со «говорот на омраза».

- Радиодифузниот кодекс на пракса – Овој Кодекс е наменет за да се одговори на правото на слобода на изразување како што е уредено со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и другите инструменти инкорпорирани во Уставот на Босна и Херцеговина, при тоа почитувајќи ги општо прифатените стандарди на пристојност, недискриминација, правичност, прецизност, заштита на малолетници и заштита на приватност.

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- **Радиодифузен кодекс на пракса – одредба што се однесува на говорот на омраза 1.1 Општо**

- Програмите треба да одговорат на општо прифатените стандарди на културно однесување на заедницата и почит за етничката, културната и верската разновидност во Босна и Херцеговина.

- Радиодифузерите нема да емитуваат материјал чија содржина или тон:

- (1) носи јасен и директен ризик од поттикнување на етничка или верска омраза меѓу заедниците во Босна и Херцеговина, или за која разумно може да се просуди дека поттикнува насилство, нереди или немири, или која може да охрабри криминал или кривични дела.

- (2) носи јасен и директен ризик од предизвикување на јасна штета: оваа штета може да се дефинира како смрт, повреда, штета по имотот или друг вид на насилство, или отстапување на полицијата, медицинските служби или другите сили на јавниот ред од нивните вообичаени должности.

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- Од 1998-2001- позитивно влијание на регулативата (18 случаи на говор на омраза)
- Од 2001 година бројот на случаи на говор на омраза радикално се намали
- Во 2001 НКМ и ТРА ги соединуваат своите надлежности и се формира регулаторното тело РАК
- Напорите за искоренување на говорот на омраза продолжуваат – со тек на време говорот на омраза стана посуптилен и пософистициран

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- РАК ја надгради регулаторната рамка – во неколку прилики
- Дефиницијата на говорот на омраза е вградена за време на ревидирањето на правилата и прописите во 2008
- Дефинирана одредба за Говорот на омраза
- Последното ревидирање на регулаторната рамка се случи во 2011.
- Регулаторната рамка е усогласена со AVMSD
- Кодекс за аудиовизуелни медиуми и радио и Кодекс за комерцијална комуникација

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- **Кодекс  за аудиовизуелни медиуми и радио, член 4 (Говор на омраза)**
- Аудиовизуелните медиуми и радијата не смеат да понижат или заплашат никој и не смеат да поттикнуваат насилство или дискриминација на лица врз основа на пол, раса, етничка припадност, вероисповед или вера, хендикеп, посебни потреби, возраст, сексуална ориентација, социјална позадина или некои други околности чија цела или ефект е да го поништи или влоши признавањето, уживањето или спроведувањето на правата и слободите на секое лице на рамноправен начин.
- (2) Аудиовизуелните медиуми и радијата не смеат да вклучуваат материјал што носи јасен и директен ризик од поттикнување на етничка или верска омраза во Босна и Херцеговина, или кој јавноста може да го протолкува како поттикнување на насилство, нереди или немири, или кој може да доведе до или да охрабри кривични дела.
- (3) Со отстапување од став 1 и 2, таква содржина им е дозволена на аудиовизуелните медиуми и радија исклучиво ако се дел од научен или документарен филм и/или објективен новинарски извештај објавен без намера да се поттикнат дејствијата наведени во гореспоменатите ставови, туку тие се наменети да ги критикуваат таквите дејствија.

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

- Процедура за справување со случаите – покренати по жалба, по службена должност
- Прелиминарна анализа – регулаторни дејствија – следеше праксата на ЕСЧП
- Справување со случаи на говор на омраза

*Говорот на омраза може да произлезе од низа извори, кои повлекуваат различни степени на одговорност кај медиумите*

- Што се цени кога се испитуваат случаите на говор на омраза? Клевета, навреда, уличен говор – не говор на омраза
- Случаи на говор на омраза во кратки СМС пораки – паралелна форма на комуникација со гледачите

# Говор на омраза – Искуството и праксата на регулаторното тело на БиХ

Примери:

Radio Big- Утринска програма

RTRS- интервју

Видео презентација на случаи на говор на омраза:

- TV Sahar
- RTV Vikom

# Radio Big – Утринска програма

- Спикерот*: „Коментирав во врска со хомосексуалните парови, како што е Елтон Џон и неговиот партнер, и реков дека не е убаво кога ќе ги видиш овие двајца со дете. Немам ништо против хомосексуалното население, напротив, сите избираме со кого сакаме да сме, но јас сум против можноста да им се дозволи на овие лица да имаат деца."*

# RTRS- интервју

- Премиерот на РС во врска со судството:
- „Нема да дозволам да ми судат судии Муслимани. Лошото искуство од минатото не предупредува дека не можеме да им веруваме на добрите намери на Муслиманите.“

Благодарам!

www.rak.ba
info@rak.ba
amaslo@rak.ba